**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

# П Р О Г Р А М А Т А

# ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2020 ГОДИНА

**За 2020 година**
**(јануари – декември 2020)**

**Скопје, јануари 2021**

ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА

| | |
|---|---|
| Назив: | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија - АППРСМ |
| Адреса: | Кеј Димитар Влахов 4, Скопје |
| Основач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Ресорно министерство: | Министерство за економија |
| в.д.Директор: | Шенаси Џеладини |
| Управен одбор: | Златко Колев – претседател<br>Јумни Адеми – заменик претседател<br>Иван Ајтарски - член<br>Розита Талевска Христова - член<br>Салајдин Идризи - член |
| Партнери на АППРСМ: | Министерство за економија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за финансии<br>Стопанска комора на Македонија<br>Сојуз на стопански комори<br>Стопанска комора на северо-западна Македонија<br>Државниот завод за статистика<br>Централен Регистар на Република Севрна Македонија<br>Агенција за вработување на Република Северна Македонија<br>Национален совет за претприемништво и конкурентност<br>Регионални фондации за развој на МСП во Скопје, Куманово, Велес, Струмица и Битола<br>ЕСА Агенции во Тетово, Гостивар и Охрид<br>Инкубатори за поддршка на малото стопанство<br>Други претприемачки центри (Ромскиот Деловен Информативен Центар од Скопје, Стопанска - Комора на Северо-Западна Македонија, Занаетчиска Комора на град Скопје, Занаетчиска комора на Македонија, Стопанска Комора на Македонија, МИР - Фондација за менџмент и индустриско истражување )<br>JICA - Јапонија<br>Конзорциум - Европски информативен и иновативен центар Македонија - Европска Комисија (EIICM) |

# Кратенки

| | |
|---|---|
| АППРСМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија |
| МЕ | Министерство за економија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите Нации |
| ОДП | Организации за Деловна Поддршка |
| ЕЕН | Европска мрежа на претпријатија |
| МИС | Менаџмент информативен систем |
| ПСВ | Помош за самовработување |
| ИПА | Претпристапни фондови |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| JICA | Јапонска агенција за меѓународна соработка |
| МИР | Фондација за менаџмент и индустриско производство |
| SINTEF | Истражувачка организација од Скандинавија – Норвешка |
| ВСС | Ваучерски систем на советување |
| РЦ | Регионален центар |
| ЕСА | Агенција за помош на претпријатијата |
| ТАСМЕ | Проект за техничка помош за развој на МСП |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| НАССР | Систем за производство на безбедна храна |
| ГТЗ | Германско друштво за техничка соработка |
| ПРЕДА | Регионална развојна агенција на Пелагонија ПРЕДА |
| БП | Бизнис план |
| МАСИТ | Македонска асоцијација за информатичка технологија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| МБПР | Македонска Банка за поддршка на Развојот |
| МРФП | Македонска Развојна Фондација за Претприемништво |
| YES Inkubator | Инкубатор за млади претприемачи |
| СКСЗМ | Стопанска комора на северо западна Македонија |
| АСИРМ | Агенција за странски инвестиции на РСМ |
| ССКМ | Сојуз на Стопански комори на Македонија |
| ЕБА | Европска бизнис асоцијација |
| ЦЕЕД | Центар за развој на претприемачи и менаџери |
| БСЦ | Центар за развој на бизниси |
| АМПТ | Активни мерки на пазарот на трудот |
| ОПВ | Оперативен план за вработување |
| РП | Рамковна програма |
| ЦИРКО | Центар за истражување, развој и континуирано образование |

## МИСИЈА

Развој на претприемништвото и малото стопанство во Република Северна Македонија преку реализација на приоритетни проекти кои ги отсликуваат:

- ✓ Вистинските подрачја на интервенција согласно искажаните реални потреби на малото стопанство, и
- ✓ Владината Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

- Деловно поврзување во земјата и странство,
- Прибирање, обработка и доставување на информации релевантни за МСП секторот,
- Воспоставување и оддржување на база на податоци и електронска поврзаност помеѓу регионалните центри за поддршка на претприемништвото,
- Реализација на програми од областа на едукацијата, тренингот, обуките и консултантски услуги за МСП секторот,
- Организирање трибини, конференции и бизнис форуми,
- Спроведување програми за соработка со земјите од регионот и пошироко,
- Спроведување останати домашни развојни проекти,
- Финансиска поддршка на МСП преку субвенционирано советување (ваучери),
- Кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори.

# С О Д Р Ж И Н А


**1. Активности и проекти според програма на АППРСМ (подпрограма 40)........................ 6**

1.1 Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2020 на МТСП................................. 6

1.2 Ваучерски систем на советување ........................................................................... 9

1.3. Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги.............................. 16

1.4. Кофинансирање на регионалниот проект “Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништво за поттик на конкурентноста на МСМ...................................................... 19

1.5 Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри................................................ 19

1.6 Претприемачко образование ..................................................................................... 23

1.7 Организирање на обуки за подготовка на бизнис план.................................................. 29

1.8 Организирање на обуки за локални консултанти ........................................................... 37

1.9 Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на МСП ............................ 42

1.10 Промоција на општествена одговорност и социјалното претприемништво................ 47

1.11 Поддршка на женско претприемништво ........................................................................ 50

1.12 Кофинансирање на Junior Achivment ............................................................................... 56

1.13 Активности за промоција на програмата 2020 и изработка на промотивен материјал 60

**2. Финансиски извештај.................................................................................................... 60**

**ВОВЕД**

Во согласност со член 19 од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија (Сл.весник бр. 60/03, 161/09, 171/10, 41/14, 64/18 ), Агенцијата е должна за своето работење и користење на средства да поднесува извештаи до Министерството за економија најмалку два пати годишно и Годишен Извештај до Владата на Република Северна Македонија до 31 јануари за претходната година.

Во извештајот кој го опфаќа периодот јануари - декември 2020 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, врз основа на оперативниот и финансовиот план за 2020 година, ги реализираше во континуитет предвидените оперативни активности за овој период кои произлегуваат од Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година, односно активностите и проектите кои се реализираат преку АППРСМ (подпрограма 40).

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11 и 15/13 ) Владата на Република Северна Македонија ја донесе Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година, (објавена во Службен весник на РСМ бр. 18 од 27 јануари 2020 година) и Програмата за изменување на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година (објавена во Службен весник на РСМ бр. 243 од 6 октомври 2020 година).

## 1. Активности и проекти според програма на АППРСМ (подпрограма 40)

### 1.1 Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2020 на МТСП

Во рамките на подготвителните активности за реализација на оваа програмска активност за време на извештајниот перииод се извршија следните активности:

- Селектирани се дополнителни советници за изработка на Бизнис план и ажуриран е прегледот на овластени советници,
- Направен е преглед на советници овластени за изработка на Бизнис план и истиот е објавен на веб страницата на АППРСМ, во делот на ваучерско советување, Каталог на советници - http://apprm.gov.mk/ConsultantsCatalog
- Изработен е Работен план за првиот и вториот циклус по кои се одвиваа средбите помеѓу советниците и клиентите,
- На веб страницата на АППРСМ објавен е распоредот на средбите помеѓу советниците и клиентите од сите фази. Сите овластени советници за изработка на бизнис план, регистрирани во базата на АППРСМ, преку користење на софтверското решение достапно на линкот http://www.samovrabotuvanje.apprm.gov.mk, добија можност да се вклучат во програмата преку одбирање на настани на кои можат да се вклучат за изработка на Бизнис план за невработените лица. Ова се реализираше преку доделување на корисничко име и лозинка на секој советник со што сите се здобија со можност да се пријават за изработка на бизнис план за невработените лица според однапред утврден редослед на настани (виртуелни средби помеѓу советниците и клиентите).

- Според интересите и можностите на советниците, како и потребите на АППРСМ за задоволување на регионалниот принцип на застапеност на советници, направен е преглед на пријавени советници по Центри за вработување и истиот е инкорпориран во апликацијата, односно софтверското решение.

- Имплементирано е софтверското решение за можноста клиентите самостојно да изберат овластен советник кој ќе им помогне при изработката на бизнис планот. Апликацијата беше поставена на страната на АППРСМ на следниот линк: http://www.samovrabotuvanje.apprm.gov.mk. Кандидатите, врз основа на пријавените советници, добија можност самостојно да одберат соодветен овластен советник кој е пријавен за работа во соодветниот Центар за вработување каде тие аплицирале за програмската активност.

- Изработени се листи на поврзувања помеѓу невработените лица селектирани од страна на Селекционата комисија и пријавените, односно одбраните советниците од Каталогот на АППРСМ. Листите содржат точно место, ден и час на средбите кои требаше да се одвиваат во центрите за вработување во рамки на секоја фаза од програмата "Поддршка за самовработување", но поради корона кризата средбите беа виртуелни. За време на овој извештаен период беа реализирани вкупно седум фази. За потребите на овие средби сите селектирани кандидати беа контактирани од страна на центрите за вработување и од страна на избраните советници за да отпочнат со изработка на бизнис план.

- Во рамките на сите фази од програмската активност „Поддршка за Самовработување 2020" од вкупниот број на 1534 кандидата, околу 60% избрале советник преку софтверското решенија, а на останатите кандидати, од страна на АППРСМ, им бил доделен соодветен советник за изработка на бизнис планот.

- Од страна на АППРСМ со посебен документ беа известени изведувачите, односно Регионалните центри, како и сите советници вклучени во програмата, за точниот износ на средствата од грантот во висина од 307.500,00 денари (615.000,00 во случај на ДОО) со вклучен ДДВ за набавка на основни средства, опрема и репроматеријали.

- Предвидените виртуелни средби помеѓу советниците и невработените лица беа одржани по електронски пат преку телефон, e-mail, viber, итн.

- Предвидените квоти за издавање на ваучери за изработка на бизнис планови од страна на советниците беа согласно Оперативните упатства кои се дел ид прирачникот на процедури за ваучер,

- Ажурирани се списоци на клиенти од сите фази кои се откажале или биле недостапни,

- Заклучно со 31.12.2020 година, во сите фази, од страна на седум регионални центри издадени беа <u>1714 ваучери</u>, се откажаа или не беа достапни <u>180 клиенти</u> и реализирани беа <u>1534 ваучери</u> за изработка на бизнис план на исто толку невработени лица и тоа: <u>1384</u> изработени бизнис планови за невработени лица од програмата за Самовработување

(прв оглас), 130 планови за лица кои изгубила работа поради Ковид кризата (втор оглас) и 20 невработени лица со попреченост[1]:

| ЦЕНТРИ | | РЕАЛИЗИРАНИ ВАУЧЕРИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регионален Центар** | **Центар за вработување** | **Прв оглас** | **Втор оглас** | **Лица со попреченост** | **ВКУПНО** |
| **Битола** | ЦВ Битола | 60 | 7 | 1 | 68 |
| | ЦВ Демир Хисар | 13 | | | 13 |
| | ЦВ Крушево | 7 | | 1 | 8 |
| | ЦВ Прилеп | 112 | 8 | 1 | 121 |
| | ЦВ Ресен | 20 | | | 20 |
| **ВКУПНО РЦ БИТОЛА** | | **212** | **15** | **3** | **230** |
| **Велес** | ЦВ Велес | 41 | 2 | | 43 |
| | ЦВ Кавадарци | 30 | 2 | 1 | 33 |
| | ЦВ Неготино | 23 | 6 | | 29 |
| **ВКУПНО РЦ ВЕЛЕС** | | **94** | **10** | **1** | **105** |
| **Куманово** | ЦВ Кратово | 14 | 2 | | 16 |
| | ЦВ Крива Паланка | 35 | 2 | | 37 |
| | ЦВ Куманово | 104 | 10 | | 114 |
| | ЦВ Пробиштип | 26 | 2 | | 28 |
| | ЦВ Свети Николе | 22 | 1 | | 23 |
| **ВКУПНО РЦ КУМАНОВО** | | **201** | **17** | | **218** |
| **Охрид** | ЦВ Дебар | 25 | | | 25 |
| | ЦВ Кичево | 47 | | | 47 |
| | Македонски брод | 11 | | | 11 |
| | ЦВ Охрид | 47 | 1 | 1 | 49 |
| | ЦВ Струга | 49 | 13 | | 62 |
| **ВКУПНО РЦ ОХРИД** | | **179** | **14** | **1** | **194** |
| **Скопје** | Скопје | 218 | 42 | 3 | 263 |
| **ВКУПНО РЦ СКОПЈЕ** | | **218** | **42** | **3** | **263** |
| **Струмица** | ЦВ Берово | 19 | 1 | | 20 |
| | ЦВ Валандово | 13 | | | 13 |
| | ЦВ Виница | 11 | 2 | 1 | 14 |
| | ЦВ Гевгелија | 24 | 6 | | 30 |
| | ЦВ Делчево | 18 | 1 | 1 | 20 |
| | ЦВ Кочани | 36 | 1 | 1 | 38 |
| | ЦВ Радовиш | 30 | | | 30 |
| | ЦВ Струмица | 52 | 6 | | 58 |
| | ЦВ Штип | 22 | | | 22 |
| **ВКУПНО РЦ СТРУМИЦА** | | **225** | **17** | **3** | **245** |
| **Тетово** | ЦВ Гостивар | 99 | 3 | 6 | 108 |
| | ЦВ Тетово | 156 | 12 | 3 | 171 |
| **ВКУПНО РЦ ТЕТОВО** | | **255** | **15** | **9** | **279** |
| **СЕ ВКУПНО ВАУЧЕРИ** | | **1384** | **130** | **20** | **1534** |

[1]Дел од бизнис плановите од првиот оглас (1162), како и надокнадата за Регионалните центри беа финансирани од планираните буџетски средства на АППРСМ и дел (222 БП) со средства од УНДП, а клиентите кои останале без работа поради Ковид кризата и лицата со попреченост беа целосно финансирани од УНДП преку проектот „Креирање можности за работа за сите IV“.

- Од вкупниот број од 145 советници, овластени за изработка на Бизнис план од страна на АППРСМ, изработен е список на 137 советници вклучени во програмата и број на клиенти превземени за изработка на Бизнис план од секој консултант поединечно,
- Известени се сите советници вклучени во програмската активност за начинот и постапката на фактурирање согласно Прирачникот на процедурите за спроведување на програмата на ваучерско советување, како и законската обврска за фактурирање преку Управата за Јавни Приходи (УЈП) за оние коминтенти кои се обврзници на ДДВ и ќе бидат исплаќани од средства на УНДП,
- Од извештаите на советниците кои ги доставуваат до АППРСМ, може да се заклучи дека најголем број од нив оствариле "on-line" средби со клиентите, а одреден број имале и состанок,
- Организирана е достава од РЦ до АППРСМ, во електронска и печатена форма на сите **1534 Бизнис планови** изработени од страна на овластените советници и истите, за потребите на експертска комисија која изврши оценување, се поставени "on-line" на платформа на интернет.

За потребите на оваа програмска активност потрошени се вкупно 12.893.500,00 денари буџетски средства и тоа од ставката 464 платени се 1.389.700,00 денари и од ставка та 425 износ од 11.503.800,00 или 13.500,00 денари повеќе од планот.

## 1.2 Ваучерски систем на советување

Програмата за ваучерско (субвенционирано) советување нуди подршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го подржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на плативи ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрена од АППРСМ.

Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените, додека поддршката за МСП е во вид на соодветен грант, односно 50% учество на клиентот и 50% субвенција. Во извештајниот период беа реализирани следниве активности:

- Извештај за реализацијата на оваа програмска активност во 2019 година,
- Измени и дополнување на web за консултанти,
- Избор на организации за деловна поддршка во месец февруари кои, врз основа на договори, беа вклучени за реализација на програмската активност „Ваучерскиот систем на советување", во 2020 година при што се реализираше:
  - подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,
  - подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
  - подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
  - оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРСМ за избор на 7 ОДП, од вкупно 8 пријавени на Јавниот повик,

- припрема и потпишување на договори со 7 избрани ОДП,
- почеток на имплементација на Програмата од февруари 2020 година.

Резултати во ВСС за овој извештаен период (февруари - 30 декември 2020 година) се следни:

- Вкупно издадени - 64 [2] ваучери за 43 клиенти на вкупен износ од 1.260.282,00 денари, а реализирани се **59 ваучери за 40 клиенти** на износ од 1.140.282,00 денари од кои:

  а) За потенцијални претприемачи издадени и реализирани се **18 ваучери за 9 клиенти** на вкупен износ од 151.632,00 денари,

  б) За постојни претпријатија издадени се 46 ваучери за 34 клиенти во вкупен износ од 1.108.650,00 денари од кои 5 ваучери за 3 клиенти на износ од 120.000,00 се отповикани и вкупниот број на реализирани ваучери е **41 ваучер за 31 клиент** на износ од 988.650,00 денари,

За административна надокнада на ОДП кои ја и имплеменираат ваучерската програма на регионално ниво планирани беа 20% од вкупниот износ на субвенцијата, а потрошени беа 213.136,00 денари на годишно ниво или 18,70%. Надокнадата на ОДП е регулирана со посебни нормативи кои се дел од Прирачникот на процедури и Договорите за реализација на програмата кои се склучуваат со секоја ОДП поединечно.

Резултатите во извештајниот период во однос на вклучени клиенти и издадени ваучери се добри со оглед дека во голем дел од овој извештаен период сите изведувачи на програмата за Ваучерско советување беа ангажирани во реализација на Програмата на Владата на РСМ за Самовработување[3], при што исто така се издаваа ваучери за невработени лица.

Резултати за период се како следи:

| | **КЛИЕНТИ** | | | **ВАУЧЕРИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОДП | Потенцијални претприемачи | МСП | Вкупно клиенти | Потенцијални претприемачи | МСП | Вкупно ваучери |
| ЕСА Тетово | 0 | 5 | 5 | 0 | 5 | 5 |
| РЦ Куманово | 1 | 4 | 5 | 2 | 4 | 6 |
| РЦ Скопје | 3 | 10 | 13 | 6 | 16 | 22 |
| РЦ Битола | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЕСА Охрид | 0 | 3 | 3 | 0 | 5 | 5 |
| РЦ Велес | 0 | 5 | 5 | 0 | 5 | 5 |
| РЦ Струмица | 5 | 4 | 9 | 10 | 6 | 16 |
| | **9** | **31** | **40** | **18** | **41** | **59** |

Статусот со издадените ваучери за време на извештајниот период во однос на нивната реализација е следен:

[2] Од 64 ваучери пет (5) ваучера за три клиенти на износ од 120.000,00 ден. се **отповикани**.

[3] За програмската активност „Поддршка за САМОВРАБОТУВАЊЕ, како и за проектот "Креирање можности за работа за сите IV" издадени се 1534 ваучер за невработени лица.




Од издадените 64 ваучери 59 ваучери се завршени и извршено е плаќање на субвенционираниот дел, а пет ваучери не се реализирани.

Вкупниот досегашен број на издадени ваучери и односот според целните групи и вкупниот износ може да се од следните графикони:




Резултатите покажуваат дека учеството на малите и средните претпријатија како целна група во Ваучерската програма е поголемо оди минатата година и за време на извештајниот период издадени се 41 ваучери за МСП за разлика од минатата година кога беа издадени 24 ваучери, додека бројот на издадени и реализирани ваучери за невработените лица бележи намалување и за разлика од минатата година кога беа реализирани 32 ваучери, во 2020 година реализирани се 18 ваучери за 9 клиенети кои започнале сопствен бизнис.

Кога ќе се земе во предвид вкупниот број на ваучери и вкупниот број на клиенти вклучени во Програмата на ВСС, се забележува дека за секој клиент во просек се издаваат 1,47 ваучери за еден клиент, односно за секое невработено лице издадени се по 2 ваучера или вкупно 18 ваучери. За 31 МСП реализирани се 41 ваучер.

Имајќи го во предвид вкупниот износ за издадените и реализирани ваучери од 1.140.282,00 денари и вкупниот број на часови на советување од 1944 часови од кои 1245 специјалистички и 699 општи (генерални) доаѓаме до просечна цена на

советнички час од 586,00 денари одговара на условите и пазарот на консултантски услуги во Република Северна Македонија.

Просечниот износ сметан по ваучери изнесува 19.327,000 денари, а по клиенти изнесува 28.507,00 денари, што е над износите на минатата 2019 година кога просечниот износ по ваучери беше 14.359,00 денари, а по клиент 22.337,00 денари.

Просечниот износ сметан по ваучери и по клиенти може да се види од следниот графикон:




Состојбата одделно за секоја целна група, односно МСП и потенцијални претприемачи (невработени лица) е следна:







Може да се забележи дека со оглед на посложениот процес на советување кај малите и средните претпријатија износот на субвенцијата е безмалку за три пати поголем од износот кај невработените лица и изнесува 24.113,00 денари по ваучер (392 ЕВРА), односно 31.892,00 денари по клиент (518 ЕВРА), што заедно со личното учество на малите и средните претпријатија (50%) може да се каже дека советодавната интервенцијата е на износ од околу 63.780,00 денари (1037 ЕВРА) по клиент. Овој износ бележи зголемување во однос на 2019 година кога субвенцијата изнесуваше околу 27.000,00 денари, а ова се должи на по обемни советодавни услуги дадени на малите и средните претпријатија.

Во однос на користењето на советодавните услуги од советници (специјалисти или генералисти) од страна на клиентите состојбата е следна:







Од горенаведените графикони забележливо е дека учеството на генералистите според бројот на клиенти е малку помало во однос на специјалистите, а кога се гледа според ангажираните средства учеството на специјалистите е многу поголемо, односно 54% од специјалистите потрошиле 87% од предвидените средства. Ова се должи на фактот специјалистичките услуги се по обемени, а со тоа и бараат ангажирање на поголеми финансиски средства за разлика од услугите од страна на советници-генералисти кои највеќе се сведуваат на помош на невработените лица во делот на проверка на бизнис идејата и подготвка на одржлив бизнис план, како и помош околу регистрацијата на компанијата и неопходни дозволи, лценци и други усливи за отпочнување со работа.

За 32 ваучери реализирани од страна на специјалисти резервирани се 747.000,00 денари, а за 27 ваучери реализирани од страна на генералисти резервирани и платени се 393.282,00 денари, односно просечен ваучер за ангажирани специјалисти изнесувал 23.343,75 денари, а за генералисти 14.566,00 денари.

Во следните графикони дадени се видот на побараните и добиени советодавни услуги според подрачја на советување и вкупно советување според видот на советување:






Веднаш се забележува дека и понатаму најбарана услуга е помош во изработка на деловен план и помош околу регистрација на фирмите[4] што се должи на издадените ваучери за невработени лица за кои задолжително се бара се бара изработка на бизнис план како би се проверила одржливоста на бизнисот и потоа да регистрираат компанија и да се самовработат.

Од услугите дадени на МСП како најбарани се издвојуваат услугите за подготовка за иплементирање на стандарди за квалитет како што се: ИСО 9001 и ИСО 14001 и други. Ова е од причина што се повеќе мали и средни претпријатија осознаваат дека зголемувањето на нивната продуктивност, а со тоа и конкурентоста на нивните производи/услуги се зголемува со имплементацијата на овие стандарди. Секако имплементацијата на стандардите за квалитет има и промотивен ефект за компанијата.

Другите услуги кои преку соодветни консултанти ги нуди АППРСМ се уште не се доволно барани од страна на МСП, што наложува дека треба да се вложат уште поголеми напори во промоција на програмата во целост, како и да се обезбедат повеќе средства од досегашните, што со Програмата на Агенцијата за 2021 година делумно е постигнато. Со воведување на менторските услуги во АППРСМ се очекува заинтересираноста, а со тоа и бројот на клиенти и издадени ваучери за разни видови услуги за МСП, значајно да се зголеми.

[4] За невработените лица-потенцијални претприемачи издадени се вкупно 18 ваучери, а отворени се 9 фирми

Вкупните видови на услуги дадени на МСП се следните:




Распределбата на консултантските услуги според дејноста на МСП е следната:



Треба да се напомене дека со оглед на скромната сума за субвенција која се одобрува за Програмата на ВСС и малата промоција, квалитетот на реализираните проекти е на завидно ниво кое секако со ангажирање на поголем број консултанти постојано ќе се подобрува и подигнува.

Во овој извештаен период, од вкупните одобрени средства за оваа програмска активност во износ од 1.350.000,00 денари, поради поголемиот интерес за програмата и заштедата остварена при реализација на другите програмски активности, реализирани се вкупно 1.353.418,00 денари. Од нив 1.140.282,00 денари се платени субвенции, а за административна надокнада за изведувачите исплатени се средства во висина од 213.136,00 денари или вкупно 3.418,00 денари повеќе од планираното.

## 1.3. Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги

АППРСМ е во третата година на реализацијата на регионалниот проект „Воспоставување и промоција на менторските услуги за МСП во Западен Балкан – Фаза 2“, поддржан од Јапонската Агенција за Меѓународна Соработка – JICA. Покрај АППРСМ партнери во Проектот се Агенциите надлежни за поддршка на развојот на МСП од Србија – регионален лидер, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Основната цел на проектот е дизајнирање на одржлив „Систем“ на стандардизирани менторски услуги во Република Северна Македонија, инволвирајќи ја постојната мрежа на Регионални Центри (РЦ), како почетна инстанца од која се регрутираат идните ментори. На тој начин се надградуваат нивните капацитети за испорака на стандардизирани услуги кон МСП, што дополнително придонесува и кон нивната самоодржливост.

Менторските услуги се реализираат на локално ниво. Локалните претпријатија како крајни корисници ги користат придобивките од стандардизираните менторски услуги согласно јапонското искуство и знаење за водење бизнис и унапредување на работењето. Тоа воедно ќе доведе и до подобрување на работењето и на локалната економија.

На овој начин, работејќи на воспоставување на функционален систем на поддршка на развојот на МСП се обезбедува и одржливост и постојано подобрување на истиот, како сеопфатен и долгорочен процес на поддршка на претпријатијата во клучната фаза на нивниот развој.

На 5-6 март 2020 година во Белград за вработени од АППРСМ и останатите регионални партнери беше одржана обука „Односи со медиуми“, во која беа инкорпорирани теми од областа на средства за комуникација со јавност, социјални медиуми, организација на промотивни кампањи и слично, со цел подобро претставување на Проектот пред различни целни групи.

Процесот на создавање на нови квалификувани ментори продолжи и во 2020 година, беше реализиран целосно, применувајќи онлајн платформа за одржување обуки и во текот на кризата Ковид-19. Во периодот февруари-јуни 2020 година, преку учество на соодветна Програма за обука (која подразбира реализација на серија на тематски обуки и соодветна поддршка преку прирачници за спроведување

на процесот) и квалификационен систем, воден од страна на сертифицирани ментори од Србија, 7 нови ментори од мрежата на РЦ на АППРСМ (што ја покрива целата територија на Македонија) и 2 ментори од редот на вработените во АППРСМ, се стекнаа со овластување да работат според овој систем на стандардизирани менторски услуги. Согласно принципот на „Постојано Подобрување“ што ја претставува срјта на успешноста на јапонскиот начин на водење бизнис, беше изработено и второ подобрено издание на “Упатство за менторство“ и споделено со сите ментори.

Во периодот од 19 Мај до 19 Јуни 2020 година беше објавен Јавен  Повик за спроведување на менторски услуги во МСП. Повикот беше соодветно промовиран преку  интернет портали, фејсбук страната на проектот, објавени 2 статии во бизнис магазинот “Капитал„ како и промоција од страна на РЦ до клиентите во подрачјето кое го покриваат. Согласно методологијата на работење во проектот, пријавувањето на претпријатијата се одвиваше со поднесување на пријава во надлежните РЦ, каде беше извршената проверка на техичките барања и препорака за учество на повикот и нивна достава до АППРСМ. До Комисијата за избор во АППРСМ беа доставени вкупно 45 пријави од кои 42 беа одобрени за менторирање.

Како дел од обуките за континуирана надградба на капацитетите на менторите на 9 јуни 2020 година беше одржана и онлајн обука на тема „Кајзен“ што претставува метод на подобрување на работењето на претпријатијата преку примена на пристапот „постојано подобрување“ и користејќи јапонски методи и алати за постигнување на подобра ефикасност и ефекти во работењето. На обуката присуствуваа сите ментори кои се стекнаа со знаења од оваа област и чија задача во иднина ќе биде промоција на овој концепт меѓу клиентите, за што беше изработен и Прирачник “Кајзен за ментори“.

Во текот на јули месец 2020 година се одржаа завршни онлајн настани/состаноци на национално и регионално ниво, како и регионална онлајн средба на која се дискутираа активностите предвидени во следната фаза на проектот.

Во овој контекст на 1 Јули 2020 се одржа 5-от “Заеднички Координативен Одбор“ со претставници од JICA Токио, Балканската канцеларија на JICA, JICA експертите, Министерството за економија и АППРСМ. На состанокот се постигна согласност во однос на планираните и реализираните активности во извештајниот период, како и севкупниот финален извештај за периодот 2017-2020, во чии рамки беше констатирано дека незавршените активности (активности со кои се заокружува и воспоставува во сите негови составни делови функционален и самоодржлив систем на менторски услуги во РСМ) воедно и поради Ковид 19 пандемијата, ќе бидат предмет на реализација во наредниот проектен период 2021-2023 година. Следната проектна фаза за да даде позитивни резултати и ги исполни проектните цели е во директна поврзаности и со обезбедувањето на соодветен буџет за АППРСМ од Владата на РСМ.

Исто така, на 8 јули 2020 беше одржан и 4-от регионален „Заеднички Координативен Состанок“ со претставниците од JICA Токио, Балканската канцеларија на JICA, JICA експертите и регионалните партнери. На состанокот се дискутираше за достигнувањата на секој од партнерите во проектот како и идната визија за развој на системот на менторски услуги на национално и регионално ниво. Од тука беше заклучено дека партнерите во проектот се движат во иста насока и имаат заедничка

визија за иднината, при што се адресирани две главни теми на состанокот и тоа, воспоставувањето на одржлив стандардизиран систем на менторски услуги (вклучувајќи систем за евалуација, квалификација, обезбедување на квалитет на услугите) и сепак добро позиционирање на менторските услуги во Владините Стратегии, (но и препознавање на значењето на системот на менторски услуги и во извештајот за оцена на имплементацијата на Актот за мали бизниси на Европа - Индекс на МСП политики : Западен Балкан и Турција 2019). Во третата (следната) фаза JICA ќе се фокусира и ќе ги следи токму овие наведени клучни поенти и во соработка со Јапонското Министерство за Надворешни Работи ќе изнајдат најоптимален начин за имплементација на третата фаза на проектот.

На почетокот на јули 2020 се одржаа и поединечни средби со регионалните проектни менаџери, а на 7 јули 2020 се одржа и онлајн состанок со претставници на JICA Токио и регионалните партнери во врска со следната фаза на проектот 2021-2023, врз основ на доставените апликации од страна на сите партнери и усогласување со активностите кои се планираат во наредниот период предложени од JICA. Основните насоки/активности во наредната фаза, пред се ќе се однесуваат на подобрување на квалитетот на менторските услуги (стандардизацијата), континуирана обука, регионална шема за соработка, воспоставување на ефективен национален систем за секоја земја, како и бенефитите за МСП од менторските услуги.

Поради неможност да се организира практичниот дел од обуката (OJT-on the job training), а сепак да се даде поддршка во реализацијата на активностите предвидени за оваа година, особено во околности на пандемија, беше организирана онлајн средба на 27 октомври 2020 година, со партнерите од Србија кои зборуваа за корист од менторството за компаниите во Србија, претставник на менторите од Србија кој зборуваше за добрите пракси од менторството, како и претставник на JICA експертите кој зборуваше за моќта на менторството. На средбата учествуваа 40 претставници на претријатија во кои се спроведуваат менторските услуги и менторите.

Во втората половина на ноември 2020 се одиваше процесот на прием и техничка проверка на завршните извештаи доставени од страна на менторите. Оваа година 18 ментори од сите седум надлежни Регионални Центри поднесоа вкупно 41 завршен извештај. По извршената проверка на документацијата АППРСМ спроведе мониторинг на извршените активности преку директен контакт/разговор со сите корисници на услугата. Менторираните компании во најголем број потврдија дека услугата која ја добиле добро ја разбрале, процесот на менторирање бил спроведен во добра комуникација со менторот користејќи ги сите начини на комуникација кои биле возможни во услови на пандемија (онлајн и телефонска комуникација, но и директни средби).

Општата констатација од разговорите водени со компаниите - корисници на услугата беше дека се задоволни од менторската услуга, нагласувајќи дека процесот бил корисен, заедничката работа со менторите им овозможила друга перспектива на гледање на развојот на сопствениот бизнис преку структуриран пристап и анализа на тековните состојби, идните предизвици, но и детерминирање на фокусот на развојот на бизнисот преку изработката на акцискиот план и поддршката во почетните чекори на неговата реализација.

Комисијата за евалуација, која се состана на 15 декември 2020 година, детално ги разгледа извештаите заедно со користените алатки предвидени во методолгијата на стандардизираните менторски услуги и констатира дека сите ментори успешно ги спровеле менторските услуги, користејќи ги и подговувајќи ги предвидени документи. Врз основа на двата вида на евалуација, Комисијата констатира дека услугите коректно и квалитетно се спроведени и дека се исполнети условите АППРСМ да изврши соодветна исплата согласно предвиденото во Договорот со Регионалните Центри.

Во делот на промотивните активности, изработен е и видео клип составен од видео записи од Регионалната Средба во 2019 година, на која учествуваше и претставник од македонско менторирано претпријатие – како добар пример и неговиот ментор. Видео клипот е достапен на интернет страната на АППРСМ и на YouTube. Исто така, изработена е и Брошура која содржи информации за историјата на соработкатата помеѓу JICA и земјите од Западен Балкан вклучени во проектот, претставување на менторството, бројот на ментори, корисниците и најдобрите менторски добри пракси од сите четри земји. Брошурата во ограничен обем беше достапна во печатена форма, а во електронска форма е достапна на интернет страната на АППРСМ и facebook страната “Mentoring Makedonija”.

Во извештајниот период потрошени се 1.999.852,00 денари. Од горе наведениот износ исплатени се 1.845.000,00 денари за реализирани менторски услуги на Регионалните Центри, а остатокот се однесува на останати активности како реализирани обуки, промоција и мониторинг.

## 1.4. Кофинансирање на регионалниот проект “Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништво за поттик на конкурентноста на МСМ

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 реализирани се следниве активности во проектот ” Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништвото за потик на конкурентноста на МСП-СМекоМП”:

Согласно планираните активности на проектот, ангажираните експерти придонесоа во развојот на курикулумот и модулите за обука за еко-иновативно претприемништво, заедно со поддршка од страна на проектниот тим. Извршена е рецензија на курикулумот и на четирите модули за обука од страна на надворешните експерти и проектниот тим.

Развиениот курикулум беше основа за изработка на тренинг модулите што ја сочинуваа лице в лице обуката за еко-иновации и еко-менаџмент. Заедно со другиот партнер УКЛО обуката беше организирана во Прилеп, во септември 2020 година, а ја спроведоа ангажирани експерти/обучувачи од академските институции и деловниот сектор со помош на развиена платформа за обука. Во неа активно учество земаа две групи:

• еден за група од 15 студенти (5 дена, 3 часа на ден) и

• еден за 15 МСП професионалци и млади претприемачи (5 дена, 4 часа на ден).

Во октомври 2020година согласно предвидените активности на проектот, но заради ситуацијата со КОВИД 19, заедно со УКЛО одржавме онлајн работилници за развој

на Еко-идеи на која присуствуваа 15 млади претприемачи и 4 ментори кои заедно изработија бизнис презентации со кои во иднина ќе можат да настапат пред потенцијални инвеститори.

Во ноември 2020 година заради состојбата со КОВИД 19, обуката што требаше да се одржи во Солун и на која требаше да присуствуваат наши претприемачи и проектниот тим, се одржа онлајн.

Извршени се активности за ангажирање на надворешни експерти согласно проектираните потреби на проектот.

Реализирани се подготовки за втората контрола од прво ниво (FLC).

Изработени се извештаи за реализираните активности во проектот.

Во целиот период се реализира координација со партнерите од проектот, а посебно со лидерот на проектот. Проектниот менаџер Наталија Велковска учествуваше на Третиот координативен состанок одржан на 16.01.2020 во Прилеп и на состаноците за координација и на Управниот комитет одржани преку Скајп.

Проектот доби одобрување од Управувниот Орган на Балкан-Мед програмата за продолжување на рокот за завршување на проектот до 28.02.2021.

Проектот се соочува со недостаток на буџетски средства што се одразува врз реализирање на доспеаните финансиски обврски кон експертите и проектниот тим. Во однос на сите партнери од проектот (од Грција, Кипар, Бугарија и Универзитетот Св. Климент Охридски) АПРСМ има најнизок процент на финансиска реализација на проектот.

## 1.5 Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри

Целта на проектот „ИНФО ПУЛТ" е поврзување на институциите на системот како носители на економската политика и стратегија со малите и средни претприемништва, односно како носители на економскиот развој.

Претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на Организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство како:

- Информирање за можните форми и институции за обука на претприемачи;
- Информации од областа на деловната помош и финансирање,
- Информации за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето;
- Информации за можностите за инвестирање во регионот, извозните можности, бизнис контакти и други информации и совети;
- Информации за можностите за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти;

- Информации, обуки и совети за лицата опфатени со Програмата на Владата на РМ за поддршка на самовработувањето во текот на првата година од работењето на фирмата;
- Информации за извори на финансирање;
- Информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство;
- Други деловни информации и интернет истражувања.

Во текот на извештајниот период беше реализиран избор на организации за деловна поддршка кои започнаа со реализација на програмската активност „ИНФО ПУЛТ" за 2020 година, при што се реализираше:

  - подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,
  - подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
  - подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
  - оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРСМ за избор на 8 ОДП,
  - припрема и потпишувањена договори со 8 избрани ОДП,
  - почеток на имплементација на Програмата од февруари 2020 година.

| **Р.бр.** | **Центар** | **Град** | **Број на клиенти** |
|---|---|---|---|
| 1 | ЕСА Охрид | Охрид | 81 |
| 2 | ЕСА Тетово | Тетово | 81 |
| 3 | Р.Ц. Битола | Битола | 90 |
| 4 | Р.Ц. Куманово | Куманово | 81 |
| 5 | Р.Ц. Скопје | Скопје | 81 |
| 6 | Р.Ц. Струмица | Струмица | 81 |
| 7 | Р.Ц. Велес | Велес | 81 |
| 8 | Занаетчиска комора Скопје | Скопје | 81 |
| | **ВКУПНО:** | | **657** |

Како што може да се забележи заклучно со декември 2020 година вкупно биле вклучени 657 клиент во 8 Инфо центри. Бројот на информативно советодавни услуги дадени на клиентите се движи според планираното и регионите се подеднакво застапени, освен во Скопје каде делуваат 2 Инфо центра и бројот на клиенти кои побарале некоја информација достигнува 162 клиента.

Во делот на побараните информации (вкупно 664) од клиентите состојбата е следна:




Регионално гледано состојбата со клиентите во Инфо Пулт проектот во текот на 2020 година може да се види од следниот графички приказ:




Заклучно со 30 декември, за активноста ИНФО ПУЛТ исплатени се средства во висина од 399.100,00 денари, односно не се реализирани средства во износ од 900,00 денари.

## 1.6 Претприемачко образование

Главна цел на обуки за подигање на свеста и знаењето за претприемачко образование и промоција на претприемништвото кај младите луѓе, како и развој на претприемничкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис. Програмата беше дизајнирана да одговори на современите трендови, да ги поттикне младите и невработените да отвораат сопствени бизниси и да не ја напуштаат Република Северна Македонија, како би можело да се спречи одливот на млада работна сила.

На обуките учество земаа 108 слушатели од Гевгелија, Кочани, Прилеп и Скопје меѓу кои 61% средношколци, 18 % студенти, 15% невработени лица и 16% вработени млади лица. Родовата структура броеше 65% женски и 35% машки лица, додека структурата по националност укажува дека имало 69% Македонци, 14% Албанци, 8% Роми, 3% Власи,1 % Срби додека 4% биле неопределени.

Обуките беа реализирани во Скопје – 9ти септември 2020 г., Кочани – 11ти септември 2020 г., Гевгелија - 14ти септември 2020 г. и Прилеп - 23ти септември 2020 г. Покрај традиционалните канали на комуникација за поголемо анимирање на потенцијалните учесници беа понудени и онлајн регистарски форми за обуките, Фејсбук пријавување и потврда по електронска пошта. Социјалните мрежи беа директно поврзани со Фејсбук страницата на АППРСМ, што резултираше во поголема маса на нови следбеници, на овој начин Агенцијата во иднина многу лесно ќе ги пласира алатките за поддршка.

Обуките започнаа со мотивацискиот говор на Драгана Огненовска, повратничка од САД која успешно води меѓународен бизнис од Македонија, за отпочнување на сопствен бизнис, основни карактеристики на претприемачи и претпримачкиот процес, препознавање можности и следење трендови, генерирање на идеи, селекција и оценка на бизнис идеи. Обуката се реализираше преку комбинација на практична обука и дискусии во траење од 5 часа со кафе пауза. Слушателите активно учествуваа по процесот на наставата по системот на претприемачко учење на Универзитетот Харвард (С.А.Д.) со примена на наставни листи, студии на случај и видео материјали.

Обуките се изведуваа на отворено со почитување на протоколите од Владата за организирање на ваков тип на настани и благодарение на мерките и носењето на маски за време на обуките, истите поминаа во најдобар ред, без пријавени и забележани последици.

Обуките ги изведуваа универзитетски професори и претприемачи меѓу кои проф. др. Филип Ивановски, проф. др. Елена Бундалеска, проф. др. Марика Башеска Ѓорѓеска, асс. Македонка Димитрова и мотивацискиот говорник Драгана Огненовска.

За учесниците беа подготвени брендирани материјали за работа во групи и индивидуално, а на крајот беа секому доделени сертификати за успешно завршена обука. За брендирање на овие програмски активности се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за АППРСМ.

Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека Обуката им овозможила нови знаења и содржини за генерирање на идеи и отпошнување на сопствен бизнис со одлични оценети предавачи. Исто така, 96 % се задоволни од

материјалите за обуката. Севкупното задоволство од обуката е големо со повеќе од 98 %. Но, познавањето на алатките за поддршка на АППРСМ, е сеуште на ниско ниво и може да се работи во насока на нивна поголема промоција и комуницирање.

Обуките се одржаа по претходно утврдена динамика и програмски цели, и тоа:

| **Распоред на реализација на обуките – Сакам и можам да основам сопствен бизнис!** | |
|---|---|
| **Час 1** | Запознавање со планот за реализација на обуката<br>**<br>Запознавање со програмата и алатките за поддршка на претприемачите на АППРСМ<br>**<br>Обраќање на претприемач, видео запис освен во Скопје лично (Драгана Огненовска, тренер за личен развој, живее и работи на релација Скопје и Лос Анџелес- био во прилог)<br>- Дискусија: Дали и вие би го направиле изборот кој го направила Драгана? Зошто да или не, објаснете. |
| **Час 2** | Групна вежба, да се наведат позитивните и негативните страни:<br>- Работа во приватен сектор или сопствен бизнис?<br>**<br>- Основни карактеристики на претприемачи (ппт)<br>- Дали е мит или вистина: Мораш да се родиш како претприемач за да бидеш успешен (ппт) |
| **Час 3** | - Идентификување на можности и следење на светски трендови до 2050 година (ппт)<br>- Мегатрендови |
| **Час 4** | - Пристапи кон генерирање на идеи (ппт)<br>- Селекција на идеи<br>- Оценка на бизнис идеите и нивна адаптација кон пазарна одржливост, презентирање на идеите (групна работа) |
| **Час 5** | - Презентирање на бизнис идеите<br>- Насоки за подобрување<br>- Прашања и одговори<br>-Рефлексија од обука: Што ќе понесам со себе?; Што ќе раскажам на пријател?<br>- Евалуација на обуката (онлајн)<br>- Доделување на сертификати и фотографирање |

**Комуникациска стратегија**

За сите обуки се изготвија идентични материјали, и тоа:
- Фејсбук објава за настанот на официјалната страсница на АППРСМ #apprmk

- Напис на Фејсбук за настанот со достапност на фотографии истиот или ден по завршување на обуката

- Сертификати за успешно завршена обука

- Онлајн евалуациска форма поради намалување на контакт со слушателите

- Предлог текст за објава на веб страната на АППРСМ.

Фејсбук страницата на АППРСМ доби на огромна популарност и следбеници. Имено, во периодот од 6 септември до 3 октомври 2020 г, за 4000% биле зголемени прегледите на страницата на АППРСМ, за 6800% се зголемило допаѓањето на страницата или 207 допаѓања. Вкупно 2950 лица имале интеракција со содржините на страницата.

Резултати од евалуацијата на слушателите

Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината и предавачите.




Во однос на распределбата на учесниците по градови, најголем интерес имало во Прилеп 32 %, во Скопје 25 %, во Гевгелија 22 % и во Кочани 21 % од вкупно 108 учесници.




Во однос на понудената содржина, 9 % се изјасниле дека истите делумно ги задоволиле очекувањата, 38 % дека се задоволни, а мнозинството или 53 % дека се многу задоволни од темите за обуката.




Квалитетот на приготвените материјали, исто така бил на задоволително ниво или 4 % биле неопределени, 31 % задоволни, додека 65 % биле многу задоволни од материјалите понудени како придружен елемент на обуката.




Предавачите се менуваа со зависност од местото на обука, но само 2 % од слушателите биле непределени, 11 % задоволни, додека мнозинството или 87 % биле многу задоволни од предавачите.




На прашањето, колку слушателите за задоволни од просториите во која се одржала обука, 3 % биле незадоволни, 18 % релативно задоволни, 46 % неопределени, 33 % задоволни.Напоменуваме дека предложените простории претрпеа адаптација поради мерките на Владата за спречување на заразата од вирусот Ковид -19 и наместо во конфорни услови, беа заменети со адаптирани места на отворено.




Во однос на стекнатите нови знаења за започнување на сопствен бизнис, 12 % се изјасниле дека се релативно задоволни од стекнатите знаења, 6 % се неопределени, 42 % се стекнале со прилично нови знаења, додека 50 % се изјасниле дека во голема мера се стекнале со нови знаења.




На прашањето, усвоени вештини за генерирање на идеи и пребарување можности за отпочнување на сопствен бизнис, 44 % не биле сигурни во стекнатите знаења, 32 % биле задоволни, додека 47 % се изјасниле сека се запознале со нови вештини.




Во однос на алатките што АППРСМ ги става на располагање на младите претприемачи, 19 % се релативно запознени, 40 % се неопределени, 20 % се прилично запознаени и 20 % се во голема мера запознаени. Од овие одговори јасно се гледа дека е потребно понатамошно комуницирање на алатките.




Повеќе од 98 % од слушателите се многу задоволни од обуката во целина.

Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека Обуката им овозможила нови знаења и содржини за генерирање на идеи и отпочнување на сопствен бизнис со одлични оценети предавачи. Исто така, 96 % се задоволни од материјалите за обуката. Севкупното задоволство од обуката е големо со повеќе од 98 %. Но, познавањето на алатките за поддршка на АППРСМ, е сеуште на ниско ниво и може да се работи во насока на нивна поголема промоција и комуницирање.

Спроведена е делива постапка за јавна набавка на услуги за образовни обуки за подигање на свеста и знаењето за претприемачко образование и обуки за подготовка на бизнис план, Оглас бр.02/2020 објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки, во делот на посебни услуги. Врз основа на спроведената постапка согласно Законот за јавни набавки, за најповолна понуда за доделување на договор за јавна набавка на образовни обуки за подигање на свеста и знаењето за претприемачко образование и обуки за подготовка на бизнис план, беше избрана понудата на понудувачот Уакс институт за претприемништво и лидерски развој Скопје, која за делот - Претприемачко образование изнесува 168.000,00 денари. Со најдобриот понудувач е склучен Договор за реализација на образовни обуки бр.05-98/11 од 19.03.2020 година. Вредност на договорот изнесува 168.000,00 денари без ДДВ, бидејќи понудувачот не е ДДВ обврзник. Исплатата е извршена по реализација на предметот за јавна набавка во месец октомври 2020 година.

## 1.7 Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Главна цел на обуките на АППРСМ за подготовка на бизнис план е младите луѓе да се да се мотивираат да започнат сопствен бизнис, да се стекнат со претприемачки вештини и да се стекнат со знаење за клучните сегменти од бизнис планот.

На обуките земаа учество 206 слушатели од целата држава, меѓу кои 56 % средношколци, 23 % студенти, 3 % невработени, 9% вработени и 9 % наставници. Родовата структура броеше 70 % женски и 30% машки лица, додека според национална припадност 89 % се изјасниле како Македонци, 4 % Бошњаци, 4 % Албанци, 2 % Турци и 1 % Срби.

Во подготвителниот период беа контактирани средните училиштата, Здружениетп Џуниор Ачивмент Македонија, младински организации, локалните самоуправи и локални организации-активисти на полето на поттикнување на претприемништвото. Обуките беа реализирани во Скопје на 10ти септември 2020 г., Кавадарци на 16ти септември 2020 г., Битола на 17ти септември 2020 г., Валандово на 19ти септември 2020 г., Охрид на 22ри септември 2020 г., Гостивар на 24ти септември 2020 г., Виница на 27ми септември 2020 г., и Велес на 29 септември 2020 г. Беа реализирани вкупно 8 обуки во 8 градови. Обуките беа промовирани преку платена кампања на социјалната мрежа Фејсбук за поголема масовност на обуките и популаризација на програмите на АППРСМ.

Содржината на обуките беше внимателно избрана и прилагодена за целната група при што ги содржеше следните теми: вмрежување со останатите слушатели за заедничко започнување на бизнис, детално запознавање претприемачкиот процес, стекнување на вештини за развој на Бизнис план, создавање конкурентна предност на бизнисот, вештини за додавање на вредност на бизнисот моделот како и проценка на моќта на конкурентите, анализа на пазарот и маркетинг план со акцент на одредување на цени. Обуката се реализираше преку комбинација на практична обука и дискусии во траење од 4-5 часа со кафе пауза. Слушателите активно учествуваа по процесот на наставата по системот на претприемачко учење на Универзитетот Харвард со примена на наставни листи, студии на случај од локални млади македонски претприемачи специјално приготвени за потребите на обуката.

Обуките ги изведуваа универзитетски професори претприемачи и меѓу кои проф. др. Филип Ивановски, проф. др. Марика Башеска Ѓорѓеска, проф. др. Елена Бундалеска, проф. др. Снежана Мојсовска Саламоска, асс. Македонка Димитрова.

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално и специјално приготвен и каталогизиран прирачник „Бизнис план: Насоки и примери“- ISBN 978-608-66204-1-7, а на крајот беа секому доделени сертификати за успешно завршена обука. За брендирање на овие програмски активности се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за АППРСМ.

Резултатите од спроведената евалуација на обуките се следните. Обуката понудила релевантни теми во врска со бизнис план за повеќе од 84% од слушателите, им овозможила нови знаења за бизнис план на повеќе од 70% од слушателите, 72% се стекнале со вештини за развој на бизнис план, 80% се стекнале со вештини за анализа на пазар и индустрија, мнозинство се задоволни од предавачите, а помалку задоволни од просторот во кој се изведувале обуките.

Но, поради пандемијата, обуките се реализираа на отворено и во помалку комфорни услови од вообичаените.

Во периодот од 4ти -30ти септември се водеше платена промотивната кампања на Фејсбук, со што повеќе од 950 лица ги имаат прегледано кусите видеа кои беа поставени од одржувањето на обуките. Приближно 3000 лица имале интеракција со објавите во врска со обуките, додека инфомација за обуките била појавена и знак за афинитет поставиле 22,222 лица, а страницата на АППРСМ достигнала 227 следбеници што бележи пораст од над 7000%.

Обуките се одржаа по претходно утврдена динамика и програмски цели, и тоа:

| Распоред на реализација на обуките - Од идеја до одржлив бизнис | |
|---|---|
| Час 1 | - Запознавање на слушателите и лична мотивација за учество во обуката<br>- Запознавање со алатките за поддршка на претприемачи на АППРСМ |
| Час 2 | - Составни елементи на бизнис план<br>- Анализа на пазар, Портеров модел, конкуренти и индустрија |
| Час 3 | - Анализа на конкуренти<br>- Додавање на вредност на услугите или производите |
| Час 4 | - Пазарно истражување<br>- Маркетинг план и одредување на цени |
| Час 5 | - Рефлексија<br>- Евалуација на обуката, онлајн<br>- Доделување на сертификати и фотографирање |

**Комуникациска стратегија**

**За сите обуки се изготвија идентични материјали, и тоа:**
- Фејсбук објава за настанот на официјалната страница на АППРМ #apprmk

- Напис на Фејсбук за настанот со достапност на фотографии

- Сертификати за успешно завршена обука

- Онлајн евалуациска форма

**Резултати од евалуацијата на слушателите**
Според предвиденото беа реализирани евалуации за обуката, содржината, предавачите. Собрани се вкупно 195 евалуации, а резултатите се поместени подолу во текстот. Одговорите се на Ликертова скала од 1 - негативно искуство или целосно незадоволство до 5 позитивно искуство и целосно задоволство.




Во однос на застапеноста на слушателите по градови во Гостивар имало најголема посетеност од 17 % или 31 учесник, Скопје 15 % или 28 учесници, Виница 15 % или 27 учесници, Охрид 26 слушатели или 14 %, Валандово со 13 % или 25 слушатели, Велес 13 % или 25 учесници, и Кавадарци со најмалку слушатели ( N =20) или 13 %.




Во однос на родовата застапеност, нема балансирана распределба, 70 % од се жени, додека 30 % мажи.




Според етничката припадност, 89 % се изјасниле како Македонци, 4 % Бошњаци, 4 % Албанци, 2 % Турци и 1 % Срби.




Најголем број од слушателите биле средношколци или 56%, 23% студенти, 9% невработени, 9% вработени и 9 % наставници.




Во однос на застапените теми поврзани со бизнис план и отпочнување на сопствен бизнис, 1 % се изјасниле за неопределени, 15 % изразиле задоволство, додека 84 % биле многу задоволни од изборот на темите.




Слушателите начелно се стекнале со нови знаења за бизнис планот како алатка за започнување на бизнис, 6% се изјасниле дека релативно се стекнале со нови знаења, 12% ниту се стекнале ниту не се стекнале, 36% прилично стекнале знаења и 46% во голема мера стекнале нови знаења.




Слушателите изразиле големо задоволство од новите вештини за развој на бизнис план, и тоа 12% се изјасниле дека релативно се стекнале вештини, 12% ниту се

стекнале ниту не се стекнале, 38% прилично стекнале знаења и 38% во голема мера стекнале нови знаења.




Во однос на прашањето дали се стекнале со вештина за анализа на пазар и индустрија, 9% се релативно запознаени, 11% се неопределени, 34% прилично се запознале и 46% се изјасниле дека се во голема мера се стекнале со вештината.




Слушателите се изјасниле дека делумно се запознале со алатките за поддршка на претприемачите на АППРСМ или, 3 % сеуште треба да се работи на комуникација на алатките за поддршка, 8%, 45% се неопределени, 29% прилично се запознале додека 16% се во голема мера запознаени со алатките.




Учесниците во обуките се задоволни од понудените материјали, и тоа 1% се релативно задоволни, 5% се неопределени, 31% се задоволни и 63% се многу задоволни од материјалите.




Постои изразено големо задоволство од предавачите, 45% се задоволни, а 55% го изразиле своето најголемо задоволство.




Задоволството од просториите каде се одржале обуките е пониско, 7 % не се задоволни, 15% се релативно задоволни, 38% се неопределени, 26% се задоволни, а само 15% се многу задоволни од просторот. Потенцираме дека поради светската пандемија од Ковид-19 местата на одржување на обуките беа помалку комфорни за

овој вид на активност, најчесто на отворено без маса пред слушателите. Овој вид на поставеност го усложнуваше процесот на реализација на предвидените вежби.

Од повратниот одговор на слушателите може да се заклучи дека обуките им овозможиле нови знаења и вештини за изработка на Бизнис план, со квалитетни материјали.

Спроведена е делива постапка за јавна набавка на услуги за образовни обуки за подигање на свеста и знаењето за претприемачко образование и обуки за подготовка на бизнис план, Оглас бр.02/2020 објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки, во делот на посебни услуги. Врз основа на спроведената постапка согласно Законот за јавни набавки, за најповолна понуда за доделување на договор за јавна набавка на образовни обуки за подигање на свеста и знаењето за претприемачко образование и обуки за подготовка на бизнис план, беше избрана понудата на понудувачот Уакс институт за претприемништво и лидерски развој Скопје, која за делот – Обуки за подготовка на бизнис план изнесува 210.500,00 денари. Со најдобриот понудувач е склучен Договор за реализација на образовни обуки бр.05-98/11 од 19.03.2020 година. Вредност на договорот изнесува 210.500,00 денари без ДДВ, бидејќи понудувачот не е ДДВ обврзник. Исплатата е извршена по реализација на предметот за јавна набавка во месец октомври 2020 година.

## 1.8 Организирање на обуки за локални консултанти

Обуките со назив „Преструктуирање на семејството и на семејното богатство“ на АППРСМ наменети за локални консултанти, имаа цел учесниците да се здобијат со знаења за советувањето на претпријатијата во процесот на транзиција на семејните бизниси од една кон друга генерација. Овој процес е релативно нов во РСМ бидејќи македонските бизниси кои се основани пред 20-30 години од претприемачи тековно се наоѓаат во првата фаза на генерациска транзиција. Досега во земјата имаше многу малку активности поврзани со обезбедување на добра внатрешна организациска поставеност како би се овозможило бизнисите да ја одржат конкурентноста, вредноста и богатството во своите компании. Токму затоа се предложи и се одржи ваков тип на обука.

Обуката разработуваше теми поврзани со значајноста и управувањето со семејните бизниси. Се истражуваа и анализираа деловни практики за бизнисите во семејна сопственост - функциите, прашањата, операциите и динамиката на семејните бизниси од перспектива на стратегискиот менаџмент. Темите вклучуваа, предностите и слабостите на семејните бизниси, управувањето со семејниот бизнис – препознавање и решавање на конфликти, управувањето со процесот на наследување, стратешкото планирање и семејните бизниси во меѓународен контекст. Предизвиците и можностите со кои се соочуваат претпријатијата во семејна сопственост првенствено како резултат на интеракцијата на семејството, управувањето и сопственоста - особено онаму каде што семејството сака да продолжи да врши влијание и / или воспоставување на контрола на процесот на премин од генерација во генерација. Презентација во прилог.

Слушателите беа контактирани преку базата на консултанти на АППРСМ од градовите и околните градови посолени за места на реализација на обуките, преку канцелариите на планските региони, како и преку базата на студенти-инволвирани во семејни бизнис од базата на Институтот за семејни бизниси и Еуроколеџ Куманово. Обуките беа реализирани во Скопје (Центар за обуки на МАЦЕФ) на 5ти октомври, Куманово (предавална во просториите на Еуроколеџ) – 6ти октомври 2020 г. и Битола (хотел Премиер – 8ми октомври 2020 г. Обуките се реализира во еден ден со кафе-пауза.

На обуките земаа учество 77 слушатели, во голема мера консултанти, но и лица инволвирани во семејни бизниси и сопственици на бизниси. Според родовата припадност, 49 % мажи и 51 % жени, додека според етничката припадност 79% биле Македонци, 3% Албанци, 7% Турци, 6% Срби, 4% Босанци.

Наставата вклучуваше комбинација на практична обука, вежби и дискусии. Хибридната обуката се реализираше со физичко присуство на локалните учесници и локалниот предавач, додека меѓународниот предавач беше виртуелно присутен во реално време за време на сите три обуки. За обуката, наменски, беше развиена студија на случај за мал семеен бизнис од Словенија. Обуките ги изведуваа универзитетски професори претприемачи и меѓу кои проф. др. Јака Вадњал од Словенија, асс. Македонка Димитрова. Г-ѓа Даниела Димовска Трпковска од МАЦЕФ беше локален администратор на проектот.

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално, отпечатени презентации организирани во папки, пенкало и работна тетратка за секој учесник.  По завршување на обуката на секој учесник беше доделен сертификат за успешно завршена обука. На крајот на обуката се спроведе и евалуација со цел да се утврди квалитетот на понудената обука и идни теми за кои би сакале да ги слушаат. Банер брендиран со АППРСМ беше поставен на трите обуки пред слушателите.

Исто така, сите учесници, по обуките, беа контактирани по електронска пошта и на сите им беше испратена порака за благодарност за учеството пропратена со презентациите. На барање на слушателите, проф. др. Јака Вадњал, дополнително по завршување на обуките, проф. Вадњал ја сними презентацијата и таа беше доставена до слушателите. Линкот до снимката од обуката е следниот за Дел 1 и за Дел 2, но назнака доколку се репродуцира јавно да се извести проф. др. Вадњал на jaka.vadnjal@gmail.com

За брендирање на активностите се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за Агенцијата. Исто така, на почетокот на обуките со наменска презентација претставници од АППРСМ ја претставуваа програмата и активностите на Агенцијата. Понатаму, во однос на медиумска промоција, покани беа комуницирани преку платена промотивна кампања на Фејсбук страницата на АППРСМ и на веб страницата/ФБ на МАЦЕФ и маилинг листата од над 1000 лица на МАЦЕФ. Исто така, месечниот електронски весник ИнфоМАЦЕФ на МАЦЕФ, известуваше за текот на проектот. Овој информатор се издава повеќе од 15 години и има на 3000 локални читатели.

Програма за обуките

| |
|---|
| Пристигнување, регистрација и запознавање на учесниците |
| Алатки за поддршка на АППРСМ |
| Дефинирање на семејни бизниси |
| СБ како економска сила |
| Пауза |
| Надминување на синдромот „Хенри Форд“ |
| Специфики на семејни бизниси |
| Процес на наследување |
| Конфликти во наследување на семејните бизниси |
| Вмрежување, рефлексија и евалуација |

Во однос на оценката на обуката, мнозинството од слушателките се целосно задоволни од обуката во целина или 88%, и 89% од понудените теми. Понатаму, обуката овозможила да ги прошират нивните знаења за советување на семејни бизниси во процесот на транзиција и тоа кај 88% од слушателите, 76% се стекнале со вештини за поддршка на процесот на наследување на семејни бизниси, и мнозинството или 96% се запознале во спецификите на семејните бизниси во однос на останатите бизниси. Задоволството од материјалите за обуката, просториите за обука како и предавачите се на високо ниво.

**Резултати од оценка на обуката од страна на слушателите**

Евалуацијата беше спроведена преку електронска евалуациска алатка. Пополнети се вкупно 67 формулари за оценување. 100% од слушателите се изјасниле дека била поделена и комуницирана програмата за одржување на обуката и биле споделени презентациите.

Одговорите се манифестираат од 1– многу незадоволни до 5 многу задоволни.

График 1.




Според график 1 погоре се забележува дека 11% се неопределени, 65% се задоволни, додека и 24% се со целосно задоволни од опфатените теми во обуката.

График 2.




Задоволството од придружните материјали за обуката е на високо ниво, претставено во график 2, не се задоволни 2 % од слушателите, неопределени се 14 %, задоволни се мнозинството или 63%, додека 21 % се многу задоволни од понудените материјали.

График 3.




Задоволството од предавачите е претставено во график 3, многу задоволни од квалитетот на предавачите се 71 %, задоволни се 25 %, додека неопределени се 3% од учесниците.

График 4.




На исказот "Задоволство од местото на одржување на обуката" 17% од испитаничките одговориле дека се многу задоволни од просторијата и условите, додека 63 % се задоволни, 16% се неопределени, додека 3% се изјасниле како незадоволни, график 4.

График 5.



На исказот „Се стекнав со нови знаења за советување на семејни бизниси во процесот на транзиција“, 11% се неопределени, 71% одговориле дека се согласуваат, додека 17% целосно се согласуваат, график 5.

График 6.




На исказот „Се запознав со вештини за поддршка на процесот на наследување на семејни бизниси“, 3% не се согласуваат со изјавата, 21% се неопределени, 65% одговориле дека се согласуваат, додека 11% целосно се согласуваат, график 6.

График 7.




На исказот „Се запознав во спецификите на семејните бизниси во однос на останатите бизниси“, 3% се неопределени, 79% одговориле дека се согласуваат, додека 17% целосно се согласуваат , график 7.

График 8.




11% од учесниците се неопределени во однос на севкупното задоволство од обуката, 71% се задоволни, а 17% се многу задоволни, график 8.

Спроведена е делива постапка за јавна набавка на образовни услуги и услуги за стручно усовршување, Оглас бр.03/2020 објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки. Врз основа на спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки, за најповолна понуда за делот 1 - Обуки за локални консултанти беше избрана понудата на понудувачот Здружение Мацеф - Центар за енергетска ефикасност на Македонија, која изнесува 160.000,00 денари.Со најповолниот понудувач е склучен Договор за реализација на образовни услуги бр. 05-155/9 од 31.03.2020 година, со вкупна вредност од 160.000,00 денари денари без ДДВ, бидејќи понудувачот не е ДДВ обрзник. Исплатата е извршена по реализација на предметот за јавна набавка во месец октомври 2020 година.

## 1.9 Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на МСП

Обуките со назив „Зголемување на конкурентноста на МСП“ имаа за цел да споделат со претставниците од малите и средните претпријатија алатки за намалување на потрошувачката на енергија т.е. намалување на цена на чинење на единица производ и едновремено заштита на животната средина, и на таа основа да остварат конкурентна предност и да се наметнат пред конкурентите. Одрживото работење е силна основа за развој во услови на зголемени трошоци за енергенси и климатски промени кои му се закануваат на целиот свет. Концептот на кружна економија беше во фокусот на иновациите во компаниите, како кај производите, така и во процесот на пакување и испорака на производите. Презентација во прилог.

Слушателите беа контактирани преку АВРСМ, стартап инкубаторите, преку канцелариите на планските региони како и преку регионалните канцеларии на АППРСМ. Обуките беа реализирани во Скопје (Центар за обуки на МАЦЕФ) на 25ти септември 2020 г., Струмица (голема сала на хотел Парк) – 2ри октомври 2020 г., Прилеп (Музеј на град Прилеп) – 8ми октомври како и Тетово (хотел Лирак) – 9ти октомври 2020 г. Обуките се реализира во еден ден со кафе-пауза.

На обуките земаа учество 103 слушатели, консултанти, но и лица инволвирани во семејни бизниси. Според родовата припадност, 66,3% мажи  и 33,6% жени, додека според етничката припадност 76% биле Македонци, 14% Албанци, 4% Турци, 4% Бошњаци и 2% Срби.

Наставата вклучуваше комбинација на теоретска и практична обука, вежби и дискусии. За обуката, наменски, беше развиена студија на случај за мал семеен бизнис од Словенија. Обуките ги изведуваа универзитетски професори и претприемачи во полето на енергетика и заштита на животна средина, меѓу кои проф. др. Константин Димитров, проф. др. Филип Ивановски, м-р Ико Брдароски и асс. Македонка Димитрова. Г-ѓа Даниела Димовска Трпковска од МАЦЕФ беше локален администратор на проектот.

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално, отпечатени презентации организирани во папки, пенкало и работна тетратка за секој учесник.  По завршување на обуката на секој учесник беше доделен сертификат за успешно завршена обука. На крајот на обуката се спроведе и евалуација со цел да се утврди квалитетот на понудената обука и идни теми за кои би сакале да ги слушаат. Банер брендиран со АППРСМ беше поставен на четирите обуки пред слушателите.

Исто така, сите учесници, по обуките, беа контактирани по електронска пошта и на сите им беше испратена порака за благодарност за учеството пропратена со презентациите.

За брендирање на активностите се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за Агенцијата. Исто така, на почетокот на обуките со наменска презентација претставници од АППРСМ ја претставуваа програмата и активностите на агенцијата. Понатаму, во однос на медиумска промоција, покани беа комуницирани преку платена промотивна кампања на Фејсбук страницата на АППРСМ и на веб страницата/ФБ на МАЦЕФ и преку маилинг листата од над 1000 лица на МАЦЕФ. Исто така, месечниот електронски весник ИнфоМАЦЕФ на МАЦЕФ, известуваше за текот на проектот. Овој информатор се издава повеќе од 15 години, и има над 3000 локални читатели.

**Програма за обуките**

| |
|---|
| Пристигнување, регистрација и запознавање на учесниците |
| Алатки за поддршка на АППРСМ |
| Линиска наспроти циркуларна економија |
| Градење конкурентна предност на основа на “зелено производство“ |
| Иновации за намалување на трошоците по единица производ |
| Постигнување на конкурентна предност преку намалување на трошоците за енергија и заштита на животната средина |
| Што е енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија |
| Модели за постигнување на заштеди |
| Преглед на модели на финансирање на меѓународно, регионално и локално ниво |
| Дискусија |
| Евалуација (електронска) |

Во однос на оценката на обуката, мнозинството од слушателките се целосно задоволни од обуката во целина или повеќе од 88%, и од понудените теми (88%). Понатаму, обуката овозможила да ги прошират нивните знаења за намалување на трошоците за енергија во фирмата (100%), ги информирала за можностите за финансирање на мерки за енергетска ефикасност и ОИЕ (76%) и 87% од учесниците се запознале во концептот на Кружна економија кој ги намалува влијанијата од климатските промени. Задоволството од материјалите за обуката, просториите за обука како и предавачите на прилично позитивни.

**Резултати од оценка на обуката од страна на слушателите**

Евалуацијата беше спроведена преку електронска евалуациска алатка. Пополнети се вкупно 95 форми за оценување. 100% од слушателите се изјасниле дека била поделена и комуницирана програмата за спроведување на обуката и биле споделени презентациите. Одговорите се манифестираат на Ликертова скала од 1– многу незадоволни до 5 многу задоволни. График. 1




Според график 1 погоре се забележува дека 13% не се ниту задоволни ниту незадоволни, 72% се задоволни, додека и 26% се со целосно задоволни од опфатените теми за време на обуката.

График. 2



Задоволството од придружните материјали за обуката е на високо ниво, претставено во график 2, и тоа 3% од слушателите не се согласуваат, неопределени се 13%, 62% се согласуваат, и 22% се многу задоволни од понудените материјали.

График. 3




Задоволството од предавачите е претставено во график 3, многу задоволни од квалитетот на предавачите се 41% од учесниците, задоволни се 54%, додека неопределени се 5% од учесниците.

График. 4




На исказот "Задоволство од просторијата на одржување на обуката", 2% од испитаниците одговориле дека се многу задоволни од просторијата и условите за време на обуката, додека 69% се задоволни, 16% се неопределени, додека 13% се изјасниле како незадоволни од условите, график 4. Делумното незадоволство го согледуваме со мерките за заштита од вирусот Ковид-19 и наложување на учесниците за почитување на мерките и задолжително носење на маска за целото времетраење на обуката.

График. 5




На исказот „Се стекнав со нови знаења за намалување на трошоците за енергија во фирмата“, 86% одговориле дека се согласуваат, а 14% целосно се согласуваат, график 5.

График. 6




На исказот „Се запознав во можностите за финансирање на мерки за енергетска ефикасност и ОИЕ “, 4% не се согласуваат со изјавата, 20% се неопределени, 63% одговориле дека се согласуваат, додека 13% целосно се согласуваат, график 6.

График. 7




На исказот „Се запознав во концептот на Кружна економија и пакување кое ги намалува влијанијата од климатските промени.", 3% се неопределени, 79% одговориле дека се согласуваат, додека 17% целосно се согласуваат , график 7.

График. 8




11% од учесниците се неопределени во однос на севкупното задоволство од обуката, 71% се задоволни, а 17% се многу задоволни, график 8.

Спроведена е делива постапка за јавна набавка на образовни услуги и услуги за стручно усовршување, Оглас бр.03/2020 објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки. Врз основа на спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки, за најповолна понуда за дел 2 од јавната набавка - Обуки за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија беше избрана понудата на понудувачот Здружение Мацеф - Центар за енергетска ефикасност на Македонија, која изнесува 163.000,00 денари без вклучен ДДВ.Со најповолниот понудувач е склучен Договор за реализација на образовни услуги бр. 05-155/9 од 31.03.2020 година, со вкупна вредност од 163.000,00 денари без ДДВ, бидејќи понудувачот не е ДДВ обрзник. Исплатата е извршена по реализација на предметот за јавна набавка во месец октомври 2020 година.

**1.10 Промоција на општествена одговорност и социјалното претприемништво**

Во рамки на оваа програмска активност се организираа две обуки во Скопје и Охрид за целната група жени претприемачи. Обуките беа организирани од страна на Институтот за економски развој и меѓународни односи – Охрид.

Предавачи на овие обуки беа:

- Марија Матовска – поранешен национален координатор за Social Impact Award
- Љубомир Стојчески – социјален претприемач

На 09.10.2020 година во Скопје и на 19.10.2020 година во Охрид се одржаа за социјално претприемништво за мали и средни претпријатија во Република Северна Македонија, со цел подигање на свеста и промоција на концептот за социјалното претприемништво вон и во услови на пандемијата предизвикана од COVID –19,

На обуката беа присутни 44 учесници, од кои 22 учесници, претприемачи од микро, мали и средни претпријатија од територијата на Скопје и 22 учесници, претприемачи од микро, мали и средни претпријатија од територијата на Охрид.

Обуката траеше од 9.30 до 16.00 часот, со две паузи за кафе/чај и половина час ручек. Поради рестрикциите наложени од пандемијата со COVID –19 обуката се одржа на отворено, со пошитување на сите здравствени и заштитни протоколи. На учесниците им беше дадено да потпишат изјава за прифаќење на ризици и ослободување од одговорност, со што дополнително се заштити организаторот од несакани последици.

Користени беа печатени материјали, проектор, презентација, кратки инсерти, примери, банери на организаторите, на секој учесник му беше поделена папка со пенкало и материјали за обуката,агенда, бизнис канвас. Дополнително, организаторот изработи специјален банер со логото на АППРСМ, со цел да го остави во трајно користење, како донација за АППРСМ.

На јавно и видно место беше истакнато логото на АППРСМ во полн назив, и при секое обраќање, отворање или дискусии беше промовирана улогата, работата, активностите и придонесот на АППРСМ. Обуката беше најавена во локалните медиуми со соопштение за јавност, и беше промовирана на социјалните мрежи.

Интересот беше мошне голем, но се наложи да се ограничи присуството само до 20 лица, со цел да се избегне ризик и изложеност на инфекција, како и да се испочитуваат мерките за дистанца помеѓу учесниците. Организаторот обезбеди средства за дезинфекција, заштитна опрема (маски и ракавици).

На почетокот присутните беа поздраени од претставници на Агенција за поддршка на претприемништво, како и од Билјана Јанева од Институт за економски стратегии и меѓународни односи – Охрид.

Се започна со кратко запознавање на учесниците низ неколку прашања кои на предавачите им прикажаа слика за тоа каков профил на претприемачи имаат на самата обука за да самите теми ги прилагодат да бидат поблиску до самите учесници.

Билјана Јанева ги сподели статистиките во Европа и светот за социјалните бизниси и акцентираше на значењето кое социјалните бизниси го имаат за справувањето со последиците од пандемијата со COVID –19 во различните држави.

Љубомир Стојчевски го презентираше концептот на општествено одговорни компании, односно низ примери од секојдневието направи споредба и разлика помеѓу традиционален и социјален бизнис и како може да се изврши трансформација на секое едно претпријатие со посебна, социјална компонента.

Низ интеракција и вежби се дефинираа бизнис моделите на социјалното претприемништво и се објасни како тоа е регулирано во државата, како и примери во ЕУ и светот. Се разви дискусија за бизнис идеите на присутните, за концептот на кој моментално работат и тоа во кој правец треба да го развиваат. Исто така беа споделени ресурси, програми и грантови шеми од ЕУ од каде што можат да се информираат и финансираат доколку се решат да станат социјални претприемачи.

Во однос на темите на обуката, учесниците покажаа завиден интерес, активно учествуваа и прашуваа за примери за социјално претприемништво, какви видови постојат и како можат да најдат примена во нивните претпријатија. Интересен момент беше што повеќето присутни не беа запознаени со концептот на социјални бизниси, а уште помалку од нив беа запознаени со поимот социјално претприемништво со примена за мали претпријатија.

Понатаму се продолжи со дискусијата и учесниците покажаа солиден интерес за подобро функционирање во насока на додавање на социјална компонента на нивните претпријатија. Дискусиите и размената на идеи и мислења продолжи и за време на ручекот, кој беше сервиран во салата.

Во продолжение на обуката, се пристапи кон промоција на концептот за социјално претприемништво преку практични примери. Љубомир Стојчески ја раскажа својата приказна за основање на социјално претпријатие и како тоа функционира во пракса. Тој објасни за бизнис моделите на социјалното претприемништво, правните норми, како и законските рамки. Понуди и го објасни секој сегмент од Бизнис канвасот кој им овозможува на претприемачите да направат одличен и функционален бизнис план и полека низ дискусија го пополни истиот за една бизнис идеја, за да низ пример им објасни како сето тоа функционира и како може со додавање на социјален дел да се испланира и развие бизнисот дополнително.

Потоа секој учесник пополни сопствен Бизнис канвас за својот бизнис, по што следеше дискусија. Успешната приказна на Фрешис побуди огромен интерес, посебно во делот на профитот и опстанувањето на пазарот, брендирањето и маркетингшкиот успех. Дополнително се отвори дискусија за последиците од пандемијата и рестрикциите со кои се соочуваат бизнисите во овој момент. Сите учесници го споделија своето искуство и мислење, а обучувачите им даваа совети и идеи во однос на тоа како може да опстанат доколку решат да се трансформираат во социјални бизниси и какво значење може да имат за заедницата.

Учесниците се уверија дека со воведување на социјална компонента во нивните претпријатија не може да изгубат, напротив, само да добијат, поради тоа што тој концепт нуди подобро позиционирање на пазарот, пробив на европските пазари, максимизација на профитот, а со тоа воедно и помагање на локалната заедница или решавање одредени прашања во заедницата, дури и во високоризични, неизвесни и рестриктивни времиња.

На крајот, секој учесник пополни прашалник за евалуација и им беа доделени сертификати за учество на обуката.

Спроведена е делива постапка за јавна набавка на образовни услуги и услуги за стручно усовршување, Оглас бр.03/2020 објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки. Врз основа на спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки, за најповолна понуда за дел 3 од јавната набавка - Обуки за поддршка на женско претприемништво беше избрана понудата на понудувачот Институт за економски стратегии и меѓународни односи -Охрид, Скопје, која изнесува 119.000,00 денари без вклучен ДДВ.Со најповолниот понудувач е склучен Договор за реализација на образовни услуги бр.05-155/10 од 31.03.2020 година, со вкупна вредност од 119.000,00 денари без вклучен ДДВ, бидејќи понудувачот не е ДДВ обрзник. Исплатата е извршена по реализација на предметот за јавна набавка во месец ноември 2020 година.

## 1.11 Поддршка на женско претприемништво

Главна цел на обуките со назив „Жени претприемачки – искуства, примери и совети" на АППРСМ наменети за жените-потенцијални или сегашни претприемачки беше подигање на нивото на конкурентност кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи, но и поттикнување на нови жени претприемачи.

Образложение за понудените содржини за време на обуката. Психичката подготвеност на жените како фактор за зголемување на ефикасноста и раководењето на претпријатието, спецификите на женското претприемништво како предуслов за развој по словенечки модел, финансиски модели и фондови за поддршка на жени претприемачи во Словенија, и запознавање со локални финансиски шеми за поддршка на ЖП. Исто така, потребата од меѓусебна поддршка на ЖП.

Потенцијалните слушателки беа информирани за можноста преку стопанските комори, канцелариите на планските региони, локалните канцеларии соработници на АПП, женски здруженија, агенциите за вработување како и претприемачи. Обуките беа реализирани во Велес (голема сала на општина Велес) – 2ри октомври 2020 г. и Струмица (голема сала во Вила Парк хотел - 5ти октомври 2020 г. Обуките се реализира во еден ден, 5 последователни часови со кафе-пауза и освежување.

На обуките земаа учество 44 слушателки од Велес, Скопје, Струмица и околината на овие населени места. Според родовата припадност 96% биле Македонки, 2% Србинки, 1% Турчинки и 1% Босанки. Од кои 46% претприемачки и занаетчии, 12% наставници, 33% невработени и 9% студентки.

Наставата вклучуваше комбинација на практична обука, вежби и дискусии. Обуките ги изведуваа универзитетски професори претприемачи и меѓу кои проф. др. Матеја Вадњал од Словенија и асс. Зденка Николовска (тренер за личен развој). Г-ѓа Даниела Димовска Трпковска од МАЦЕФ беше локален администратор на проектот.

За учесниците следеа комплет материјали за работа во групи и индивидуално, отпечатени презентации организирани во папки, пенкало и работна тетратка за секој учесник. По завршување на обуката на секоја учесничка и беше доделен сертификат за успешно завршена обука. На крајот на обуката ќе се спроведе и евалуација со цел да се утврди квалитетот на понудената обука и идни теми за кои

би сакале да ги слушаат. Банер брендиран со АППРСМ беше поставен на двете обуки пред слушателките.

Исто така, сите учесници, по обуките, беа контактирани по електронска пошта и на сите им беше испратена порака со презентациите, како и дополнителна листа со можности за финансирање на иновации во Северна Македонија, регионот и ЕУ.

За брендирање на активностите се изработи и банер кој се истакнуваше на видни места за време на обуката за подигнување на свеста за Агенцијата. Исто така, на почетокот на обуките со наменска презентација претставници од АППРСМ ја претставуваа програмата и активностите на агенцијата. Понатаму, во однос на медиумска промоција, покани беа комуницирани преку Фејсбук страницата на АПП и на веб страницата/ФБ на МАЦЕФ и маилинг листата од над 1000 лица на МАЦЕФ, а беа објавени информативни текстови по завршување на обуките. Исто така, месечниот електронски весник ИнфоМАЦЕФ на МАЦЕФ, известуваше за текот на проектот. Овој информатор се издава повеќе од 15 години, и има на 3000 локални читатели. На Фејсбук се водеше платена рекламна кампања за промоција на обуките.

Во однос на оценката на обуката, мнозинството од слушателките се целосно задоволни од обуката во целина или повеќе од 90%, и од понудените теми. Понатаму, обуката овозможила да ги прошират нивните знаења за алатките за поддршка на жени во претприемништвото. Обуката кај повеќето допринела за збогатување на мрежата на деловни контакти. Кај мнозинството овозможила запознавање со нови модели на финансирање. Задоволството со материјалите за обуката, просториите за обука како и предавачите на високо.

**Програма за обуките**

| |
|---|
| Пристигнување, регистрација и запознавање на учесничките |
| Алатки за поддршка на АППРСМ |
| Потребна психичка подготовка за справување со домашните и деловните обврски |
| Мотивација |
| Анализа на моменталната состојба – знам/не знам (групна вежба) |
| Пауза |
| Специфики на женско претприемништво |
| Успешни примери од Словенија |
| Препораки од словенскиот модел |
| Видови финансирање и фондови за ЖП |
| Преглед на модели на финансирање на меѓународно, регионално и локално ниво |
| Преглед на дополнителни алатки за развој на бизнисот на регионално и локално ниво |
| Вмрежување, рефлексија и евалуација |

**Резултати од оценка на обуката од страна на слушателките**

Евалуацијата беше спроведена преку електронска евалуациска алатка. Пополнети се вкупно 39 формулари за оценување.

Одговорите се манифестираат од 1– многу незадоволни до 5 многу задоволни.




Според график 1 погоре се забележува дека 8% се неопределени, 62% се со задоволени и 31% со целосно задоволени очекувања.




Задоволството од придружните материјали за обуката е на завидно ниво, претставено во график 2, неопределени се 13 % од слушателките, за задоволителни материјали се изјасниле 63% додека многу задоволни се 25 % од учесниците во однос на понуденото.




Задоволството од предавачите е претставено во график 3, задоволни од квалитетот на предавачките се 33 % додека многу задоволни 67 % од учесничките.




На исказот "Задоволство од местото на одржување на обуката" 90% од испитаничките одговориле дека се задоволни од просторијата и условите, додека 10% се целосно задоволни, график 4.




На исказот “Се запознав со алатки за поддршка на развојот на бизнисите“ 3% од испитаничките одговориле дека не се запознале доволно, 8% се неопределени, 42% одговориле дека се запознале, додека 47% дека се обуката понудила да целосно да се запознаат со алатките, график 5.




На исказот „Се стекнав со знаење за различните модели на финансирање на развој на бизниси“, 6% се неопределени, 83% прилично се запознале и 11% во голема мера се заопознале со моделите на финансирање, график 6.




Мнозинството одговориле се обуката била медуим за проширување на нивните контакти и изградиле мрежа, за 13% прилично е проширена мрежата додека за 87% многу е проширена мрежата на познанства, график 7.




Мнозинството испитанички се задоволни од обуката 21% се многу задоволни, 74% се задоволни и 5% ниту се задоволни ниту не се задоволни, график 8.

Спроведена е делива постапка за јавна набавка на образовни услуги и услуги за стручно усовршување, Оглас бр.03/2020 објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки. Врз основа на спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки, за најповолна понуда за дел 4 од јавната набавка - Обуки за поддршка на женско претприемништво беше избрана понудата на понудувачот Здружение Мацеф - Центар за енергетска ефикасност на Македонија, која изнесува 120.000,00 денари без вклучен ДДВ .Со најповолниот понудувач е склучен Договор за реализација на образовни услуги бр.05-155/9 од 31.03.2020 година, со вкупна вредност од 120.000,00 денари без вклучен ДДВ, бидејќи понудувачот не е ДДВ обрзник. Исплатата е извршена по реализација на предметот за јавна набавка во месец октомври 2020 година.

## 1.12 Кофинансирање на Junior Achivment

Со цел за развој и соработка во делот на поддршката и промоцијата на претприемништвото и јакнењето на претприемачката култура и претприемачкиот дух кај младите луѓе – учениците, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија согласно точката 12 од Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2020 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20 ), даде поддршка за кофинансирање на меѓународен форум/конференција, која се одржа во период 28 октомври -11 ноември 2020 година, во организација на Џуниор Ачивмент Македонија (Junior Achievement Macedonia), на тема "Забрзан раст на претприемничкото образование" (на англиски "Accelerating uptake of Entrepreneurship Education").

Овој извештај претставува резиме на Конференцијата под наслов "Забрзан раст на претприемничкото образование", остварена преку 3 одделни вебинари/веб-конференции. Во извештајот е опишана содржината, темата, говорниците, белешките на говорниците, бројот на присутни лица, бројот на говорници, како и добиени коментари и мислења во текот на дискусиите и повратните информации од учесниците собрани преку прашања и одговори, преку панел-дискусијата и просторот за оставање пораки.

Учесниците имаа можност да се придружат на 28 октомври, 4 ноември и 11 ноември 2020 година во 11.00 часот за да слушнат новости за различни теми релевантни за образованието за претприемништво.

Над 150 учесници- претставници на владата, деловниот сектор, УСАИД, Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР), Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ (АППРСМ), невладини организации, претставници од канцелариите на Џуниор Ачивмент Европа, Албанија, Бугарија, Србија и голем број наставници, директори на средни училишта и алумни членови имаа можност да ги проследат вебинарите по дигитален пат.

Преку овие вебинари се привлече јавноста во нашата земја за важноста на претприемничкото образование и финансиска писменост и се нагласи дека секој млад човек во нашата земја треба да има барем едно практично претприемачко искуство пред да го напушти училиштето.

Вебинарите се дел од проектот "Поддршка на претприемничко образование во Европа и Евроазија" кој е поддржан од УСАИД и Фондот за Иновации и Технолошки Развој и се спроведува од февруари 2017 година во Конзорциум на ЏА Европа и нејзините земји-членки од Албанија, Бугарија, Грузија, Молдавија, Романија, Србија и секако нашата земја.

Проектот има за цел да ги инспирира и подготви младите луѓе да успеат во глобалната економија, преку развивање и спроведување на обуки и програми за претприемништво, ја промовира креативноста кај младите, го поддржува претприемачкиот дух и ја негува финансиската писменост до крајна подготвеност младите за идни работни места.

Преку проектот ЏА Македонија се залага за партнерствата со бизнисите, училиштата и локалната заедница со цел да создадеме генерација млади луѓе,

способни да применуваат иновативни пристапи и техники во нивните наставни активности и да се подготват за современото работно место.

Главна компонента на целиот проект е Џуниор Ачивмент програмата за ученичка компанија каде учениците имаат можност преку практично искуство да започнат и водат ученичка компанија, да стекнат знаења, вештини и ставови за тимска работа, презентациски вештини, разбирање на финансии и донесување одлуки.

Програмата за ученичка компанија е еден од најуспешните концепти кои ЕУ ги препозна во своите обиди да определи образовни стратегии кои можат да ги помогнат долгорочниот развој и вработливоста.

Џуниор Ачивмент Македонија е 121 членка на Светската организација Џуниор Ачивмент која минатата година прослави 100 години постоење и е дел од регионалниот центар во Европа. Во Европа, Џуниор Ачивмент организацијата опфаќа 40 земји членки. Минатата учебна година во Џуниор Ачивмент мрежата од 40 земји членки се опфатија повеќе од 4 милиони млади луѓе кои беа поддржани од 140 илјади бизнис волонтери и 130 илјади наставници.

Џуниор Ачивмент Македонија ги следи насоките и политиките на Џуниор Ачивмент мрежата и во земјава нуди програми преку неколку активности:

- Организира обуки за наставници и едукатори за нејзините образовни програми
- Гради партнерства помеѓу образованието и деловниот сектор, канејќи ги за активно учество на настаните и натпреварите во улога на бизнис волонтери и членови во комисии за оценка.
- Поттикнува соработка на национално ниво со министерства, општини, центри за регионален развој, невладини организации и останати чинители кои работат во поддршка на образованието за претприемништво.
- Организира национални натпревари во најдобар бизнис план и најдобри ученички компании со можност за учество на Европски натпревари.
- Нуди единствена меѓународна сертификација за стекнати претприемнички вештини потпишана од директорот на Европска комисија и директорот на ЏА Европа
- Посветува огромно внимание на иновациите и технолошкиот развој и образованието на учениците за нивна подготвеност за работа.

Со цел за поголема промоција на значењето на претприемничко образование ЏА Македонија организираше конференција преку вебинари кои се одржаа на 28 октомври, 4 ноември и 11 ноември 2020 година. На веб-форумите се отворија и низа можности за широката јавност да слушне за потребата да се инвестира во образованието на младите од најрана возраст, поврзани вести за развојот на претприемничкото образование, начините за зголемување на соработката помеѓу бизнисот и образованието, зајакнување на врските и вмрежување едни со други организации и важноста за трансфер на знаење и искуства од претставници на мрежата на Џуниор Ачивмент, со крајна цел споделување на претприемачки дух и забрзување на растот на претприемничкото образование во земјава.

На вебинарите се дискутираше за каков вид на кадар им треба на компаниите, кои вештини и компетенции им се потребни на младите луѓе за идните работни места, понатаму за образованието и методологијата на наставата во нашата земја и за промените што треба да се направат, како и за трендовите во образованието во соседните земји, регионални иницијативи и важноста од мобилност на младите и прекугранична соработка со нивни врсници.

ЏА Македонија изминатата година формираше клуб на алумнисти кои ја поминале програмата и направи отворена покана до сите поранешни алумнисти да ја поддржат во сите нејзини активности. Нашите алумнисти се претставија на третиот вебинар со што се заокружи целиот циклус посветен на младите и нивниот успех во глобалната економија, токму преку гласот на младите.

На настаните се обезбеди учество на **20 реномирани говорници и 150 гости** од секој дел од општеството со истакнато учество на АППРСМ (листа на учесници во прилог).

Со меморандумот за соработка потпишан во јануари годинава, Агенцијата за поддршка на претприемништво во РСМ јасно искажа поддршка за програмата на Џуниор ачивмент и поддршка за организирање на овие вебинари.

Линкот до пристап на вебинарите беше ставен во сите покани и објави на нашите социјални мрежи, со што се овозможи на секој што сака да се вклучи и биде дел од дискусијата.
Снимката од вебинарите и останатите презентации ќе бидат промовирани на социјалните медиуми ЏА Македонија: Фејсбук, Инстаграм и Твитер. Видеото до снимениот материјал ќе биде споделена со учесниците преку нашиот Youtube канал. (детален преглед на линкови до статии, објави и фотографии е даден во прилог на извештајот)

**Издвоени мисли, размислувања од учесниците на трите вебинари поврзани со темата:**

- ✓ Потребна ни е нова генерација на претприемачи, а претприемничкото образование е клучно сега.
- ✓ Нашите млади се соочени со различни предизвици на денешниот систем, но од друга страна им се нудат и многу можности. Замислете колку повеќе вложуваме во претприемничко образование навреме, уште од основно образование, толку ентузијазмот и амбициите кај младите луѓе за идни кариери ќе бидат поголеми.
- ✓ Младите се еден од највредните ресурси во државава и тие имаат неограничен потенцијал да создадат подобра иднина. Секако изложувајќи ги на позитивна работна култура и обезбедувајќи менторска поддршка во индустријата, младите можат да помогнат во создавање на нови производи и услуги за подобрување на животот на сите граѓани.
- ✓ Вистинско време е да се нагласи потребата од зголемување на квантитетот, квалитетот и влијанието на образованието за претприемништво во наредните години, и да укаже дека секој млад човек треба да има барем едно практично претприемачко искуство пред да го напушти училиштето.

- ✓ Зајакнувањето на претприемништвото во образованието е клучно за долгорочниот развој на економијата на Северна Македонија.
- ✓ Вебинарите се во одговор на новонаметнато време, кога процесот на образование се соочува со нови реформи и промени повеќе од кога било и дека во моментот кога ќе заврши кризата што ја наметна пандемијата, ќе започне и закрепнување на економијата, а затоа се потребни искусни претприемачи.
- ✓ Исклучително важен аспект за малите бизниси во земјава се вложувањата во човечките ресурси. Мора да имате одличен тим составен од способни и посветени луѓе, за да може да ги постигнете целите. Идентификацијата на таквите луѓе, нивниот ангажман и понатамошен развој се уште еден од клучните фактори за успех. Тие се тие што ги реализираат секојдневните активности и во производството и во продажбата и во промоцијата за некој производ.
- ✓ Потребна е поддршка на наставниците во секој сегмент на нивното работење, потребни се обуки за зајакнување на нивните компетенции и вештини и кои ќе им донесат доквалификација и сертификација, но и ќе ги зголемат нивните умеења за трансфер на знаење до учениците.
- ✓ Потребна е поддршка на наставниците кои предаваат изборни предмети за бизнис и претприемништво и иновации да бидат поддржани од надлежните институции во одобрување на  предметите во редовната настава и курикулум.
- ✓ Зголемување на бројот на оние кои ја поминале програмата во ЏА Македонија клубот на алумнисти е од огромна важност во поддршка на редовните активности на организацијата и е клучна точка за вмрежување со други алумнисти и патувања низ светот.
- ✓ Младите мора да веруваат во себе, да сонуваат, мора да имаат енергија. Промените не се прават преку ноќ и за тоа е потребна енергија, време, капитал, знаење и верба во она што го прават.
- ✓ Постојат голем број владини програма кои се отворени за учество на младите, секако и отворени за финансиска поддршка на нивните идеи/понудени проекти.
- ✓ Потребен е развој на социјално претприемништво и подобро разбирање на концептот на социјална одговорност и општествена одговорност, особено на локално ниво.
- ✓ Програмата за ученички компании е „најдобра пракса во претприемничкото образование“ и вклученоста на младите луѓе додека се сеуште на училиште, може значително да влијае на нивниот иден економски успех
- ✓ Образованието е приоритет број еден во новонастанатото време, особено она образование кое носи позитивни промени и достигнувања за иднината.
- ✓ Младите треба рано да да дојдат во допир со светот на бизнисот и финансиите, за полесно да ја определат својата идна професија и нивното идно образование.

- ✓ Поттикнување партнерствата помеѓу бизнисите и училиштата е од особена важност, со воведување на дуалното образование со цел да создаде генерација млади луѓе, инспирирани да применуваат иновативни пристапи и техники во нивните училишни активности и да бидат подготвени да се соочат со предизвици на идното работно место во компанијата која го поддржала тоа.
- ✓ Мора здружено да работиме на зголемување на свеста кај родителите, заедницата и образовните институции дека претприемникото учење е важно за градење на личната кариера на ученикот. Кај учениците да се развие индивидуална способност да се претвори идејата во акција. Тоа вклучува креативност, иновација и превземање ризик, но истовремено и способност да се планира и раководи со пари во правец на остварување на поставените цели.
- ✓ Се очекува дека Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, и Бирото за развој на образование ќе продолжат во поддршката на спроведување на програми за животни вештни, граѓанско оптество и претприемничко образование ќе се продлабочи во насока на поголема верификација на програмите во основните и средните училишта во земјава.
- ✓ Овие вебинари нудат можност да се охрабри наставниот кадар активно да се вклучи во програмата, преку нивно доусовршување и обука, како и можност за понатамошна размена на искуства на полето на претприемничко образование со други наставници од регионот и Европа.
- ✓ Во градењето на сите образовни програми за млади луѓе ние мора да се насочиме кон препораките што доаѓаат од Европа, но и од регионот.
- ✓ Исклучително важен аспект за младите е мобилноста на младите во регионот, размената на искуства со нивни врсници, на тој начин им се јакне самодовербата дека се еднакви со другите во регионот, способни за нови предизвици.
- ✓ Секако можностите за патувања и посети на други градови и земји, други јазици, култури и вредности се исто така важни за нивниот поглед кон светот во иднина како претприемачи спремни за ширење на својот бизнис надвор од границите.

## <u>1.13 Активности за промоција на програмата 2020 и изработка на промотивен материјал</u>

Согласно намалувањето на буџетот на АППРСМ со ребаланс и изменување на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативност на малите и средните претпријатија во 2020 година ( Сл. весник бр. 243 од 09.10.2020 година) оваа програмската активност е избришана од птограмата.

## 2. Финансиски извештај

Наведените програмски активности и плаќања се завршени заклучно со 31 декември 2020 година како што е наведено во финансискиот дел на овој извештај.